# (DIS-) TRUST BETWEEN THE GOVERNMENT AND THE CITIZENS AS THE CAUSE OF (DIS-) STABILITY OF THE SOCIETY

**Nikola Tuntevski**
Faculty of Law Kicevo, University "St. Clement of Ohrid" Bitola, Republic of Macedonia
niktun@t.mk

**Abstract:** There is no society in which citizens are not bombarded every day by the self-pleading of the government as to how they deserve their well-being. With thus political establishment want to convince citizens that the more they believe in it, there is the greater prospects for their prosperity. At the same time, they strive to create relations of paternalism with citizens, in which they will abstract her faults and will be satisfied with what they have received. But more important than what the government does for society is that - what citizens think about it. In this sentence is the truth about the stability of every society. The trust of citizens in government is an essential element for every society's "health" and its further progress. And vice versa, once the trust collapses and turns into a lack and mutual accusation, the legitimacy of the existing government will gradually decline. In this context, this paper seeks to address three interrelated questions: 1. How to achieve a higher degree of trust between civil society and political power and is it possible to measure its parameters? 2. How much corruption affects the mutual trust between civil and political society? & 3. What measures are necessary for increasing the social trust of citizens in the government?
**Keywords:** trust, corruption, power, civil society, stability.

# (НЕ-) ДОВЕРБАТА МЕЃУ ВЛАСТА И ГРАЃАНИТЕ КАКО ПРИЧИНА ЗА (НЕ-) СТАБИЛНОСТ НА ОПШТЕСТВОТО

**Никола Тунтевски**
Правен факултет Кичево, Универзитет „Свети Климент Охридски" Битола, Република Македонија
niktun@t.mk

**Резиме:** Не постои општество во кое граѓаните не се заситени со самофалби на власта за тоа колку таа е заслужна за нивната благосостојба. Со тоа, како да сака да ги увери дека колку повеќе веруваат во неа, толку се поголеми можностите за нивен просперитет. Истовремено, таа настојува да создаде клиентелистички односи со нив, во кои тие ќе ги апстрахираат нејзините мани и ќе бидат задоволни со она што го добиле.
Но многу поважно од тоа што власта прави за општеството е тоа – што граѓаните мислат за тоа. Во оваа реченица е содржана вистината за стабилност на секое општество. Ниту едно општество не може да функционира без висок степен на верба. Довербата на граѓаните во власта е есенцијален елемент за „здравјето" на секое општетство и неговиот натамошен прогрес. Таа е еден вид инпут во демократскиот развој и економскиот пораст. И обратно, штом таа колабрира и се претвори во недовреба и взаемно обвинување, постепено ќе опаѓа и легитимноста на постојната власт. Во тој контекст овој труд настојува да одговори на три поврзани прашања: 1. Како да се постигне повисок степен на доверба меѓу граѓанското општество и власта и дали е можно да се измерат нејзините параметри? 2. Колку корупцијата влијае врз меѓусебната доверба меѓу граѓанското и политичкото општество? и 3. Кои мерки се неопходни за зголемување на општествената доверба на граѓаните во институциите на системот?
**Клучни зборови:** доверба, корупција, власт, граѓанско општество, стабилност.

## 1. ВОВЕД

Конципирањето на вистинско хумано општество не зависи од обликот и степенот на политичка власт, туку од самите луѓе во тоа општество, од нивната свест за рационално и взаемно решавање на нивните меѓусебни односи. Еден од основните предуслови за тоа е да постои таква констелација на општествените односи во кои е изградена меѓусебна доверба на граѓаните. Но и нивна верба во намерите и активностите на институциите, односно дека власта навистина се грижи за нивните потреби. Како е можно да се изгради добро уредено општество, кое ќе генерира меѓусебна верба и толеранција? Дали тоа е можно само во земји со високо ниво на национален приход и животен стандард на населението? Неспорно е дека ако власта придонесе за зголемување на општественото богатство, со тоа таа придонесува и за изградба на постабилна демократија. Но и ова е релативно, бидејќи во светот постојат богати општества, со висок животен стандард

(на пр. некои од земјите на „нафтениот круг“), каде постои монархистичко, па дури и автократско владеење; а сепак довербата на населението во власта е на многу високо ниво. Од друга страна, постојат високо развиени земји со стабилна демократија, а сепак довербата на граѓаните во носителите на власт е на многу ниско ниво. Тоа индицира дека, не секогаш, обликот на политичко владеење е во право пропорционален однос со степенот на развиеност на една земја. Од тие причини, секоја општествена промена, би требало да се перципира низ призмата на обичните луѓе – како тие ги доживуваат и дали веруваат во нив. Во спротивно, тие лесно би можеле да ја заменат својата поддршка на таквите промени со недоверба кон секоја наредна активност на власта. Кога надежта на луѓето ќе добие надолен тренд, општеството е на прагот да се соочи со криза во секој поглед – морална, правна, политичка економска и општествена.

## 2. (ДИС-) КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ГРАЃАНСКОТО И ПОЛИТИЧКОТО ОПШТЕСТВО

Недостигот на комуникација меѓу граѓанското и политичкото општество е една од основните причини за недоверба на граѓаните спрема институциите на власт. Тоа е синдром на секое општество. Тоа не значи само комуникација во смисла на учество на слободни избори, туку да создавање на еднакви можности за сите граѓани да бидат консултирани и да учествуваат во донесувањето на одлуки од нивен интерес. За жал, тоа е реткост во современите општества. Наместо да се насочи кон враќање на довербата кај граѓаните, политичкото општество со сите свои активности како да настојува да ја продлабочи поларизираноста во однос на граѓанското општество. Тие стануваат „паралелни светови“ кои не живеат еден со друг, туку еден покрај друг, и во чии меѓусебни релации доминира сомнеж во чесните намери на другиот.

Според Клаус Офе постои сериозна дискрепанција меѓу очекуваниот реципроцитет во меѓусебната доверба на граѓаните и вербата во институциите. [10] Демократијата бара комуникација, а довербата е прв, но значаен чекор кон тоа. Демократијата бара толерирање на различностите, рационално согледување на нештата и отвореност за мислења и идеи, а не слепа лојалност и нарцисоидност.

И покрај сé поголемото навлегување на граѓанското во политичкото општество, тоа сé уште се бори да ги изолира или намали обратните инпути, односно обидите на политичкото да воспостави доминација врз граѓанското општество. Се уште постои слаба партиципација на граѓаните во процесот на донесување на одлуки, кои ги засегаат. „Комуникацијата“ меѓу власта и граѓаните се уште се сведува на борба за гласови на изборите и на интерес, каде поединечните потреби се маргинализирани и се претопени во колективни интереси. Како такви, тие никогаш не можат да дојдат до својот индивидуалистички израз.

Вистинска комуникација може да постои само доколку власта е општествено одговорна при носењето на законите. Власта треба да претставува пат за остварување на потребите на граѓаните, без ставање на ничија страна. Од тоа зависи и нејзината легитимност. Само така може да се создаде одговорно општество, кое нема да зависи од изборните циклуси и во кое ќе има постојано учество на граѓаните во носењето на одлуки.

Прашањето за одговорноста на сите релевантни субјекти во општеството, а посебно на носителите на моќ е темел за неговата стабилност. Одговорноста во услови на демократија зависи од две основни прашања:

- Прво, колку носителите на власт, избрани или именувани, подлежат на системот за мониторинг и контрола на нивната одговорност во процесот на носење на одлуки и
- Второ, одговорното создавање на политиката значи таа да биде одраз на потребите на населението.

Путнам препорачува да се охрабрат луѓето да создаваат или да се вклучуваат во невладини, граѓански асоцијации, преку кои потоа ќе влијаат да се создаде одговорна влада и можат да придонесат во развојот на легитимна власт и во создавањето на граѓанска свест. [11] Но најчесто тие стануваат само психолошки make up за граѓанското општество, врз кое вистинска контрола имаат центрите на моќ.

Во вакви околности, значаен фактор за градење доверба е соодносот меѓу легалноста и легитимноста на владините активности. Здрав легален систем може да го зголеми чувството за сигурност кај граѓаните, кои на легалноста му ја даваат онаа, толку потребна нишка на легитимност. [12] Луѓето ги прифаќаат и им даваат легитимност на оние закони, за кои претпоставуваат дека ќе бидат употребени на непристрасен начин и дека сите ќе ги почитуваат. Добро уредените општества зависат од тоа колку граѓаните ги сфаќаат промените и законите како праведни. Доколку тие почнат да се сомневаат дека актерите на власт се грижат само за

---

[10] Offe Claus, 1999. “How Can We Trust Our Fellow Citizens?” Mark Warren, ed., Democracy and Trust, Cambridge UK, Cambridge University Press, p. 42-87

[11] Putnam Robert D. 2000. Bowling Alone: The Collapse and Revival of American Community, NY

[12] „Шведска е едно такво добро – уредено општество... (каде)... секој прифаќа и знае дека другите ги прифаќаат истите принципи на правда и каде граѓаните знаат дека основните социјални институции ги задоволуваат овие принципи“, Rawls John A. 1971, Theory of Justice, Harvard University Press. p.454.

себеси и дека нивните правила се бескорисни за поголем дел од населението, тоа ќе доведе до опаѓање на легитимноста на власта, а меѓусебната довербата ќе стане невозможна.

## 3. КОРУПЦИЈАТА КАКО ГЛАВЕН ФАКТОР ЗА (НЕ-) ДОВЕРБА МЕЃУ ГРАЃАНСКОТО И ПОЛИТИЧКОТО ОПШТЕСТВО

Корупцијата е проклетство, довербата е благослов за секое општество. [13] Корупцијата претставува „предавство" на јавната доверба. Коруптивниот систем на вреднување не е нов феномен и на него не е имуно ниту едно општество. И покрај бројните институции и закони, кои се востановени за нејзино спречување, таа не само што опстојува, туку се мултиплицира, менувајќи ги своите појавни облици.

Довербата во некого секогаш се стекнува преку убеденост во неговата чесност. Таа е белег само на добро изградени личности, која имплицира кажување на вистина, но и одговорно однесување или живот според правилата. Во комбинација со компетентноста и одговорноста, таа е еден од трите темели на довербата. Ако власта сака да има feedback меѓу неа и граѓаните, нејзините носители треба да се перцепираат како чесни. [14]

Една од дефинициите за корупцијата е дека таа ги негира правилата на фер игра и на одредени луѓе, преку искористување на нивната функција, им дава предности и лични бенефиции, кои другите ги немаат. Таа ги прави некои луѓе богати на туѓа сметка, давајќи им екстра моќ и имот, на товар на оние, кои се бореле тоа да го создадат. Корупцијата е сериозен проблем, кој ги поткопува основните вредности на општеството. Таа директно ја намалува довербата на граѓаните во институциите, го нарушува владеењето на правото, предизвикува чувство на разочараност кај граѓаните, наметнува погрешен и деструктивен систем на вредности, предизвикува политиката да биде заложник на криминалот и ја намалува можноста за реформи. Поради тоа и под влијание на корупцијата, внатрешната демократизација на партиите е речиси невозможна.

Корупцијата по правило се поврзува со институциите на власт и со луѓето кои работаат во нив. Но од неа не се имуни ниту другите сфери на живеење, како што се образование, здравство, банки, стопанство итн. Независно од тоа каде се јавува, таа неминовно имплицира намалување или загуба на вербата на граѓаните во институциите, поради што може да се спореди со вирус, кој го разјадува социјалниот организам.

Во економски развиените земји, каде има релативно помала корупција, луѓето гледаат на институциите во позитивна конотација и кај нив е поголема довербата во другите граѓани и во власта. Во сите неразвиени општества, а посебно во земјите во транзиција, како што е и Република Македонија, гледајќи ја корупцијата околу нив, луѓето стануваат скептични дека постои единствен систем на правда, поради што ја губат вербата во системот. Со тоа, таа постепено станува нераздвоен дел од системот и претендира да стане начин на живот. Луѓето почнуваат да ја перцепираат како нешто вообичаено, а не како неморалност; односно веруваат дека единствен начин да ги постигнат своите цели е токму преку криминални активности.

Тоа доведува до еден извитоперен облик на реципрочна квази - доверба. Бидејќи и едните и другите дејствуваат надвор од законот, тие мора да се поддржуваат меѓусебно. Но не врз доброволна основа и взаемен интерес, туку врз клиентелизам и страв, која на крајот повторно резултира со недоверба. Штом граѓаните почувствуваат олабавување на стегите на корумпираните политичари, нивната доверба се руши како „кула од карти". Граѓаните не можат долгорочно да им веруваат и тоа го покажуваат на наредните избори. За жал, изборите (покрај кривичната одговорност) се единствената опција за граѓаните. Но стравот од изборен пораз може да биде и „нож со две оштрици". Освен што ги насочува политичарите кон легално постапување, тој го носи ризикот од „инстант – збогатување". Исправени пред дилемите – дали ќе победат на наредните избори и дали ќе им се укаже „втора шанса" за подобрување на финансиската моќ, актуелните властодршци настојуваат да приграбат што е можно повеќе пред да ја напуштат функцијата. Ова е болест на скоро сите „нови елити". Со тоа, од променлив статус, кој зависи од изборите, тие преминуваат во сигурниот и стабилен статус. Ова дотолку повеќе во услови, во кои преовладува партиски фаворитизам и ако границата меѓу легално и нелегално однесување во некое општество е нејасна и променлива.

Причините за корупција можат да бидат најразлични:

- опресивна политика на власта која, кај граѓаните наметнува страв, а стравот ги тера луѓето да бараат начини како да живеат подобро, не бирајќи средства за тоа;
- протекционистичка политика на власта спрема поединци и компании, на кои им овозможува корист;

[13] Uslaner E. M. 2000-2001. "Producing and Consuming Trust," Political Science 115, 569-590.

[14] Според Ротштајн, Русија може да стане како Шведска, ако успее да го редуцира нивото на корупција. Според World Values Studies, Шведска има висока доверба на граѓаните во власта и затоа е најмалку корумпирана. Rothstein Bo 2000. Social Capital and Institutional Legitimacy Annual Meeting of the American Political Science Association, Washington DC, p.479/491.

- ако стоките и услугите се малку и ако се манипулирани од неколку центри на моќ;
- недоверба во власта и во другите луѓе, кои се перцепираат како криминализирани
- односите на клиентелизам меѓу власта и граѓаните уште повеќе ја генерираат корупцијата итн, итн.

Според Понгпаичит, моделот на корумпирана власт може да се прикаже со формулата В=А+Б-К, каде В е вкупен приход на корумпирана мрежа, А е корупциска такса на административната корупција, Б е рента која влиаје врз правилата на игра и К се трошоци на земање на рента. К се состои до К1, кои се трошоци за останување на власт и избори, но и сите издатоци, потребни за да се сочува поддршката на мнозинството изборно тело. К2 се трошоци за прикривање на докази, како што се поткупи за судии, обвинители и полиција, но и издатоци за контрола на медиумите, спречување на истражувања, плаќање на адвокати и сето останато, што е потребно за да се сокријат незаконитостите. [15] Корумпираните мрежи се позиционираат на критични позиции во институциите, посебно во извршната власт, а бидејќи се работи за влијателни групи со големи интереси, оваа корупција е многу тешко да се докаже, а уште е потешко истата да се искорени. [16]

За разлика од т.н. „општа“ или „вообичаена“ корупција, т.н. „специфична политичка корупција“ се состои од купување политичко влијание и гласови при изборите. Според Карклинс таа вклучува: 1. преземање на јавните институции за лична добивка или криминални активности; 2. формирање на тајни мрежи со цел, ограничување на политичката конкуренција; 3. диверзија врз слободните избори преку користење на тајни фондови, прикриен маркетинг итн; 4. злоупотреба на законодавната власт; 5. корупција на судските процеси; 6. злоупотреба на ревизорски, истражни и надзорни функции; 7. употреба на компромитирачки материјал за политички уцени и присилба и 8. корупција во медиумите и поткупување на новинари. [17] Денес изборите се врата за политичка моќ, која обезбедува и економско влијание. Во некои општества инвестирањето во избори станува профитабилен бизнис, бидејќи овозможува влегување во „мрежата“. [18] Посебно треба да нé загрижува „легалното“ финансирање на партиите, бидејќи „финансиерите“ очекуваат повратен ефект во сферата на легислативата, посебен третман на нивните барања до државата или при јавни набавки.

Освен тоа, доколку некоја партија или коалиција има апсолутно мнозинството во законодавниот дом, таа е во ситуација, преку легитимен процес да усвои закони, со кои се легализира коруптивната пракса. Кауфман и Висенте тој процес го нарекуваат „законска корупција“ или „инвестирање во законски бариери“. [19]

Во контекст на користењето на јавна функција за лична корист, мора да се обрне внимание и на конфликтот на интереси. Да се вклучи фирма на близок во јавна работа, за некои политичари не е криминал, туку „вообичаена работа“. Но потенцијален конфликт постои секогаш кога политичар или член на неговото семејство има сопственички удели во фирма која има бизнис – договори со власта или стекнува добивка од владината политика. Иако не постојат коруптивни плаќања, ниту донации за кампањи, ризикот е ист.

## 4. КАКО ДА СЕ ВОСПОСТАВИ ДОВЕРБА НА ГРАЃАНИТЕ ВО ВЛАСТА?

Во многу земји довербата на граѓаните во власта е сериозно разнишана. Тоа упатува на неопходноста од решавање на овој проблем. Коруптивната инфилтрација во власта мора да се идентификува, но и да се превенираат проблемите од создавање на поголеми и долготрајни дисторзии. Во спротивно, секоја потенцијална реформа во општеството ќе наидува на пречки и неуспех.

Прво и основно е да се воспостави квалитетна и применлива законска регулатива, која ќе одговара на потребите на граѓаните. Но истовремено и да се изгради професионален и независен државен апарат, што ќе ги спроведува тие закони и ќе постигне доверба кај граѓаните.

Многу важен елемент во „ланецот“ на доверба е постоењето на стручен и ангажиран граѓански сектор. Тоа не се само невладините организации, туку и сето она што е надвор од државните институции и од политичките партии; како што се: медиумите, синдикатите, образовните институции, интелектуалците итн. Доколку граѓаните се чувствуваат несигурни или недоволно силни за самостоен настап пред институциите или центрите на моќ, тоа можат да го направат преку овој сектор, кој е фактор на стабилност, но и на

---

[15] Phongpaicit Pasuk, Money politics and his impacts, Keynote speech at Political Economy Centre, 2005, Bangkok
[16] Антикорупција во транзиција – кој ја наследува и зошто?! World Bank NY, 2006.
[17] Ibid.
[18] Бертолд Брехт во третата сцена од драмата „Мајката Надеж и нејзините деца“ за корупцијата на политичарите, судиите и другите јавни личности зборува со сарказам: „Фала Богу, тие се коруптибилни. Тие не се волци. Тие се луѓе и се по парите, како и сите ние. Додека постои корупција, постои надеж. Поткупи! ...Додека судиите земаат пари, постои надеж за правда“, Miller, William L., Ase B. Grodeland, and Tatyana Y. Koshechkina 2002, Bribery and Other Ways of Coping with Officialdom in Post-Communist Eastern Europe.
[19] Весна Чаловиќ, Економски развој на заробената држава, Белград 2008 година

промени и прогрес. Тие го контролираат функционирањето на власта и се еден од темелите на општеството. Затоа, иако парадоксално, не граѓаните, туку власта е одговорна за нивно формирање и функционирање, бидејќи стабилноста на општеството е и во нивен интерес. Според Путнам, волонтирањето во овие организации гради доверба која понатаму служи за изградба на демократско општество. [20] Но Ингелхарт има спротивно мислење. Според него, овие организации не играат независна улога во детерминирање на демократијата. Тоа не значи дека невладиниот сектор е неважен. Тој може да создаде атмосфера на доверба во општеството, да придонесе за создавање на јавната одговорност и да ја контролира моќта на државата. Но некои невладини организации можат да имаат и политичка ориентација, односно да лобираат за одредени политики. Друг проблем е нивното финансирање, кое може да биде од државата. Во тој случај тие не можат отворено да ја критикуваат власта. За да се избегне тоа, овој сектор мора да ја избегнува секоја поврзаност со политичката власт. И меѓународната невладина мрежа The World Values Survey смета дека само она организирање на граѓаните, кое е исклучиво врз доброволна основа, може да придонесе за промени. [21]

Во таа смисла голема е улогата и на средствата за информирање. Центрите на моќ можат да ги држат средствата за информирање и одредени новинари под своја контрола преку закани или поткуп. Но тие мора да се слободни да ја критикуваат власта, без страв од реперкусии.

Надоврзувајќи се на претходното, Цин Коен и Маргарет Леви ја нагласуваат важноста од транспарентни активности на власта или од довербата која произлегува од соработката со граѓаните. Според Леви најважен е „капацитетот на мониторинг врз законите, построги санкции спрема прекршителите и пренесување на информации, со што постои позитивен сооднос меѓу интерперсоналната верба и довербата во власта". [22] Граѓански мониторинг е можен ако државата дава информации за нејзините активности, посебно преку објавување на нацрт – буџетот и нацрт - законите.

Но најважно од сé е подигнувањето на животниот стандард на граѓаните и степенот на развиеност на социјалните политики на благосостојба, кои се директен input за довербата на граѓаните во институциите и во демократските „промени".

Овие „алки" на доверба, заедно со претходно споменатите ќе опстојат цврсто поврзани само со истовремено постоење и дејствување на сите нив. Ако недостига било која од нив, се намалува интензитетот на меѓусебна доверба меѓу политичкото и граѓанското општество.

Меѓутоа, ваквите препораки се тешко применливи во праксата, бидејќи она што за едни луѓе е причина за доверба, за други може да претставува ригиден и нехуман општествен поредок. Иако е невозможно да се задоволат сите субјекти во општеството и да се воспостави унифицирана доверба, сепак институциите и граѓаните треба да придонесат за тоа. Тоа значи дека односот кај овие субјекти спрема одредени прашања, кои се од јавен или општествен интерес за сите, да не се менува, во зависност од тоа – која партија е на власт. На пример, да се надмине гледиштето дека кога се корумпирани „нашите" тие тоа го прават за „доброто на народот", додека другите се „лошите момци". Вториот елемент кој треба да остане непроменет е личниот став на граѓаните спрема одредени прашања, за кој, ако се сигурни, треба да го бранат и да не потклекнуваат на притисоци. И трето, потребна е волја кај мнозинството релевантни партии за некаков консензус за клучните општествени проблеми. треба да се оставaт настрана тесно партиските интереси бидејќи во спротивно, довербата ќе ја изгубат сите. Вистинска доверба меѓу политичкото и граѓанското општество е можна, само ако се гради двострано. Таквата доверба не се заснива врз сила и надреденост, туку врз меѓусебно почитување и создавање на подобри услови за живот.

## 5. ЗАКЛУЧНИ РАЗМИСЛУВАЊА

Одговорното консолидирање на секое општество е невозможно без воспоставување на доверба на граѓаните кон носителите на власт. Оваа цел е недостижна без доследно спроведување на борбата против корупцијата. Но не како метод за притисок врз политичките противници, туку како вистнско справување со ова

[20] Putnam Robert D. 2000. Bowling Alone: The Collapse and Revival of American Community, NY

[21] Inglehart, Ronald. 1997. Modernization and Post modernization: Cultural, Economic, and Political Change in 43 Societies, Princeton NJ: Princeton University Press; Uslaner, Eric M. 2000-2001. "Producing and Consuming Trust," Political Science Quarterly 115: 569-590

[22] Cohen Jean 1999 "Trust, Voluntary Association and Workable Democracy: The Contemporary American Discourse of Civil Society," in Mark Warren, ed., Democracy and Trust, Cambridge University Press, p. 208-248. Levi Margaret 1998. "A State of Trust," in Valerie Braithwaite and Margaret Levi, eds., *Trust and Governance*, New York: Russell Sage, p.85-87

општествено зло. Наместо репресија, неопходна е поголема децентрализација, флексибилност, одговорност и контрола; ориентација кон клиентите и услугите, развивање стратегии и политики за тоа, воведување конкуренција и други пазарни елементи и во политичкото одлучување, намалување на можностите за арбитрерно одлучување, подобрување на законската регулатива со која ќе им се дадат поголеми можности на институциите што се вклучени во борбата против корупцијата, поголема вклученост на невладиниот сектор, преку чии активности ќе се влијае врз јавната свест за опасноста од корупција, како и промена на односите на сите нивоа на општеството. На тој начин довербата меѓу граѓанското и политичкото општество нема да произлегува од односите на страв, подреденост и клиентелизам во општеството; туку ќе биде израз на потребите на самите граѓани.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Cohen Jean 1999 "Trust, Voluntary Association and Workable Democracy: The Contemporary American Discourse of Civil Society," in Mark Warren, ed., Democracy and Trust, Cambridge University Press, p. 208-248. Levi Margaret 1998. "A State of Trust," in Valerie Braithwaite and Margaret Levi, eds., *Trust and Governance*, New York: Russell Sage, p.85-87
[2] Inglehart, Ronald. 1997. Modernization and Post modernization: Cultural, Economic, and Political Change in 43 Societies, Princeton NJ: Princeton University Press; Uslaner, Eric M. 2000-2001. "Producing and Consuming Trust," Political Science Quarterly 115: 569-590.
[3] Miller, William L., Ase B. Grodeland, and Tatyana Y. Koshechkina 2002, Bribery and Other Ways of Coping with Officialdom in Post-Communist Eastern Europe.
[4] Offe Claus, 1999. "How Can We Trust Our Fellow Citizens?" Mark Warren, ed., Democracy and Trust, Cambridge UK, Cambridge University Press, p. 42-87
[5] Phongpaicit Pasuk, Money politics and his impacts, Keynote speech at Political Economy Centre, 2005, Bangkok
[6] Putnam Robert D. 2000. Bowling Alone: The Collapse and Revival of American Community, NY
[7] Rawls John A. 1971, Theory of Justice, Harvard University Press. p.454.
[8] Rothstein Bo 2000. Social Capital and Institutional Legitimacy Annual Meeting of the American Political Science Association, Washington DC, p.479/491.
[9] World Bank NY, 2006. Антикорупција во транзиција – кој ја наследува и зошто?!
[10] Uslaner E. M. 2000-2001. "Producing and Consuming Trust," Political Science 115, 569-590.
[11] Чаловиќ Весна, Економски развој на заробената држава, Белград 2008 година